МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

МЦМС

# СПОРЕДБА НА АНКЕТИТЕ СО ИЗБОРНИТЕ РЕЗУЛТАТИ




ДЕКЕМВРИ 2016, СКОПЈЕ

**Наслов:**
СПОРЕДБА НА АНКЕТИТЕ СО ИЗБОРНИТЕ РЕЗУЛТАТИ

**Издавачи:**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)

**За издавачот:**
Александар Кржаловски, прв извршен директор на МЦМС
Гонце Јаковлеска, извршен директор на МЦМС

**Автори:**
Александар Кржаловски, МЦМС
Фанија Ивановска, МЦМС

**Контакт:**
ул. Никола Парапунов 41а пошт.фах 55, 1000 Скопје
http://mcms.mk
http://facebook.mk/mcms.mk
http://twitter.com/mcms_mk

Скопје, декември 2016 година

Сите права се задржани. Репродуцирање, копирањето, трансмисијата или преводот на било кој дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.

Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на било кој начин без наплата за едукативни намени. За копирање во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

Во електронска форма публикацијата е достапна на www.mcms.mk

# СОДРЖИНА

ЛИСТА СО КРАТЕНКИ ........ 4

ВОВЕД ........ 5

МЕТОДОЛОГИЈА НА АГЕНЦИИТЕ ........ 6

ПРОЦЕНКА ЗА БРОЈ НА ПРАТЕНИЦИ ........ 9

ПРИЛОЗИ ........ 11

ПРИЛОГ 1: Првични официјални резултати, објавени од ДИК на 12 декември 2016 г ........ 11

ПРИЛОГ 2: Преглед на отстапувања на прогнозите на агенциите од резултатите во проценти ........ 11

ПРИЛОГ 3: Преглед на отстапувањата на прогнозите за број на пратеници ........ 12

ПРИЛОГ 4 ........ 12

# ЛИСТА СО КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АзА | Коалиција Алијанса за Албанците<br>(Движење за реформа на ДПА, Унитети и Народна демократска партија – НДП) |
| Беса | Движење Беса |
| ВМРО (МК) | Коалиција ВМРО за Македонија |
| ВМРО-ДМПНЕ | ВМРО- Демократска партија за македонско национално единство<br>(се употребува и за коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ) |
| ВМРО-НП | ВМРО - Народна партија |
| ГРОМ | Граѓанска опција за Македонија |
| ДПА | Демократска партија на Албанците |
| ДУИ | Демократска унија за интеграција |
| Левица | Партија Левица |
| ЛП | Либерална партија |
| ОМ | Обединети за Македонија |
| ПДП | Партија за демократски просперитет |
| ПиП | Коалиција за промени и правда<br>(Демократски сојуз, МОРО – работничка партија, Фродем) |
| СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија<br>(се употребува и Коалицијата предводена од СДСМ) |
| | |
| Брима | Агенција Брима (поранешна Брима Галуп) |
| Д. Чуповски | Институт Димитрија Чуповски |
| Ф.П. Адриа | Агенција Форум Плус Адрија |
| М-проспект | Агенција М-проспект |
| П. Шатев | Институт Павел Шатев |
| Рејтинг | Агенција Рејтинг |
| | |
| ДИК | Државна изборна комисија |

# ВОВЕД

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во рамките на своите активности за следење на вонредните парламентарни избори ги следеше и објавите на другите агенции за рејтингот на политичките партии. Во функција на транспарентно информирање на јавноста, МЦМС на 6 декември 2016 година објави преглед на прогнозите на секоја од шест агенциите за мерење на рејтингот на политичките партии, кои објавија свои анализи пред изборите (видете на: http://www.mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/1861-pregled-na-anketite-za-merenje-na-rejtingot.html)

Прегледот беше направен врз основа на информации доставени до МЦМС (за анкетата спроведена од М-Проспект) и врз основа на објавите во медиумите (за анкетите на Рејтинг, Фактор Плус Адриа, Павел Шатев, Брима, Димитрија Чуповски).

*Табела 1 - Преглед на агенциите и нивните веб-страници и објавените резултати*

| Агенција | Кракетнка | Веб- страница |
|---|---|---|
| **М-проспект** | МП | http://m-prospect.com |
| **П. Шатев** | ПШ | - |
| **Фактор Плус Адриа** | ФПА | http://www.faktorplus.rs |
| **Рејтинг** | Р | http://www.24vesti.mk/anketa-na-rejting-za-24-vesti |
| **Д. Чуповски** | ДЧ | - |
| **Брима** | Б | http://www.brima.com.mk |

Во овој извештај, се прави споредба на објавените прогнози со остварените резултати на изборите, согласно информацијата на Државната изборна комисија од 12 декември 2016 година, за првични официјални резултати.

# МЕТОДОЛОГИЈА НА АГЕНЦИИТЕ

Во табелата подолу е даден преглед на применетата методологија од секоја од агенциите при спроведувањето на анкетите.

*Табела 2 - Преглед на методологиите (редоследот е според датумот на објавувањето)*

| Агенција | Тип | Примерок | Стат. грешка | Период | Објава |
|---|---|---|---|---|---|
| **Д.ЧУПОВСКИ** | телефонска | 1.150 | 2 % | 1-3.12.2016 | 06.12.2016 |
| **М-ПРОСПЕКТ** | телефонска | 1.800 | 2,31% | 20-30.11.2016 | 05.12.2016 |
| **П. ШАТЕВ** | телефонска | 1.090 | - | 30.11-2.12.2016 | 05.12.2016 |
| **Ф.П. АДРИА** | телефонска | 1.200 | - | 28.11-2.12.2016 | 04.12.2016 |
| **РЕЈТИНГ** | теренска | 1.200 | - | 24-30.10.2016 | 03.12.2016 |
| **БРИМА** | теренска | 1.006 | 3% | 11-17.11.2016 | 25.11.2016 |

Повеќето анкети се телефонски и спроведени во периодот пред изборите, а две (Рејтинг и Брима) се теренски.

Остануваат и методолошките забелешки од претходниот пат, дека анкетите се со статистичка грешка од 2 до 3%, како и за претпоставката дека неопределените гласачи во време на анкетирањето, при гласањето ќе се распределат пропорционално како определените гласачи. Методологијата за анализа во овој извештај, ги зема предвид најрелевантните делови од податоците објавени во претходниот преглед, односно рејтинзите само со земање предвид на определените испитаници.

Во овој извештај не е правена споредба на одзивот, како ни споредба на бројот на гласови (бидејќи и тој параметар е во зависност од предвидениот одзив). Споредуван е рејтингот на партиите кога се земани предвид определените испитаници и остварените резултати на изборите (распределбата на гласовите од важечките ливчиња, како што е утврдено од ДИК и прикажано тука во прилог 1).

Во објавата од ДИК, со обработени податоци од 100 % од избирачките места, односно од 3.524, констатирано е гласање на 1.191.851 гласачи (66,79%) од кои, за определување на изборниот резултат, земени се предвид само важечките ливчиња, вкупно 1.153.971. Анализата во овој извештај е правена во однос на оваа бројка. Податоците за освоените гласови и соодветниот процент од вкупниот број важечки гласачки ливчиња за секоја од партиите/коалициите учесници на овие избори, се дадени во прилог на овој извештај.

Исто така, бидејќи исходот од изборите е распределба на 120 пратенички мандати, беше направена проценка за можна распределба на мандатите, врз основа на рејтингот на партиите на национално ниво (бидејќи се така правени сите анкети), а потоа и со конечниот распоред на пратенички мандати (иако тоа не е директно споредливо со анкетите).

Со оглед на резултатите и добивањето пратенички мандати само за шест партии или коалиции, во анализата понатаму фокусот е на тие шест или во некои случаи само за четири за кои имаше прогнози во анкетите: ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ (со своите коалиции), ДУИ и ДПА, додека сите останати се прикажани како „други“.

## СПОРЕДБА НА РЕЈТИНЗИТЕ И РЕЗУЛТАТИТЕ

Како што е напомнато погоре, главната споредба е онаа на објавените проценти од определените гласачи и постигнатите резултати, што е прикажано во табелата подолу.

Треба да се напомне дека не сите агенции ги прикажаа своите анкети на овој начин. За дел од нив, процентите се скалирани (до 100%) врз основа на нивните проценки за процент на освоени гласови од определените гласачи.

*Табела 3 - Рејтинзи на партии (само од определените испитаници) во проценти*

| АГЕНЦИЈА | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | ПИП | АЗА | ВМРО (МК) | БЕСА | ЛЕВИЦА | ДР. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ДИК** | **39,4** | **37,9** | **7,5** | **2,7** | **0,9** | **3,0** | **2,1** | **5,0** | **1,1** | **0,4** |
| **Д. ЧУПОВСКИ** | 47,1 | 25,1 | 9,5 | 3,7 | - | 3,0 | 2,5 | 6,5 | 2,5 | - |
| **М-ПРОСПЕКТ** | 37,6 | 31,3 | 10,7 | 5,2 | 1,4 | 3,1 | 4 | 4,4 | 1,9 | 0,4 |
| **П. ШАТЕВ** | 48,6 | 28,3 | 8,4 | 4 | - | 2,6 | 0,9 | 5,6 | 1,6 | - |
| **Ф.П. АД** | 36,9 | 30,9 | 8,3 | 5,9 | 8,2 | - | 1,7 | 1,4 | - | 6,7 |
| **РЕЈТИНГ** | 37,6 | 35,8 | 8,6 | 3,5 | 0,3 | 3,4 | 4,2 | 4 | 1,2 | 1,4 |
| **БРИМА** | 45 | 28,4 | 11,1 | 5,1 | - | 4,2 | 0,8 | 5,4 | - | - |

Во првиот ред се резултатите објавени од ДИК, односно процентот на освоени гласови за секоја од наведените партии од вкупниот број на важечки гласови. Во прилог 2 е дадена истата оваа табела со пресметани отстапувања на секоја од агенциите и за секоја партија, во однос на резултатите објавени од ДИК. Во продолжение е даден приказ на отстапувањата за четирите најголеми партии и коалиции, за секоја од агенциите, како и пресметка на просечното отстапување (разликата меѓу прогнозираниот и остварениот резултат).

*Табела 4 - Отстапувања на прогнозите на агенциите од резултатите во процентни поени (редоследот е од најмалото кон најголемото просечно отстапување)*

| АГЕНЦИЈА | 1.ВМРО-ДПМНЕ | 2. СДСМ | 3. ДУИ | 4. ДПА | 5. ДР. | ПРОСЕЧНО ОТСТАПУВАЊЕ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ДИК** | **39,4** | **37,9** | **7,5** | **2,7** | **12,5** | |
| **РЕЈТИНГ** | -1,8 | -2,1 | 1,1 | 0,8 | - | **1,4** |
| **М-ПРОСПЕКТ** | -1,8 | -6,6 | 3,2 | 2,5 | - | **1,8** |
| **П.ШАТЕВ** | 9,2 | -9,6 | 0,9 | 1,3 | - | **3,0** |
| **Д. ЧУПОВСКИ** | 7,7 | -12,8 | 2,0 | 1,0 | - | **3,4** |
| **БРИМА** | 5,6 | -9,5 | 3,6 | 2,4 | - | **3,4** |
| **Ф.П. АДРИА** | -2,5 | -7,0 | 0,8 | 3,2 | - | **3,9** |

Просечното отстапување е пресметано како збир на отстапувањата за сите партии со податоци за рејтинг поделено со 10, односно за колку што имало податоци (прилог 2). Заради поедноставен приказ во оваа табела се дадени отстапувањата за четири партии.

Најголеми се отстапувањата во прогнозите за двете коалиции кај сите агенции (4 кај ВМРО-ДПМНЕ од 5,6 до 9,2%; а 5 кај СДСМ – од 6,6 до 12,8%). Најмали отстапувања во прогнозата на резултатот на поединечните партии имаат: Рејтинг и М-проспект кај ВМРО-ДПМНЕ и Рејтинг кај СДСМ. Најголеми пак се на: Д. Чуповски и Павел Шатев кај ВМРО-ДПМНЕ и на Д. Чуповски кај СДСМ.

За да се даде оценка на точноста на севкупната проценка, направена е пресметка на средна вредност на отстапувањата (со тоа што е земена апсолутна вредност на отстапувањето, односно сметана е вредноста на разликата без оглед дали е таа со знак минус – проценет помал резултат од постигнатиот, или со плус).

На овој начин, може да се констатира дека најмали просечни отстапувања, односно најблиску до постигнатите резултати, биле проценките на Рејтинг, а во рамките на статистичката грешка биле и резултатите на М-проспект. Проценките на институтот Павел Шатев се на граница на статистичката грешка, а најголеми се отстапувањата кај институтите Брима, Димитрија Чуповски (3,4) и Форум Плус Адира (3,9).

Друг аспект на споредба може да биде и прогнозата на односот меѓу главните конкуренти на изборите ВМРО-ДПМНЕ наспроти СДСМ.

*Табела 5 - Отстапувања на прогнозите на соодносите меѓу главните конкуренти во процентни поени*

| АГЕНЦИЈА | ВМРО-ДПМНЕ : СДСМ | ОТСТАПУВАЊЕ |
|---|---|---|
| **ДИК** | **1,04** | |
| **РЕЈТИНГ** | 1,05 | -0,01 |
| **М-ПРОСПЕКТ** | 1,20 | -0,16 |
| **Ф.П.АДРИА** | 1,19 | -0,16 |
| **БРИМА** | 1,58 | -0,54 |
| **П. ШАТЕВ** | 1,72 | -0,68 |
| **Д. ЧУПОВСКИ** | 1,87 | -0,83 |

Тука, најдобра проценка за соодносот меѓу ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ (1,04) имале во Рејтинг (1,05), следени од М-проспект (1,2).

Најголеми отстапувања кај проценката на соодносите ВМРО-ДПМНЕ наспроти СДСМ имаат институтите Димитрија Чуповски, Павел Шатев и Брима.

## ПРОЦЕНКА ЗА БРОЈ НА ПРАТЕНИЦИ

Исходот од изборите е распределба на 120 пратенички мандати. За таа цел, врз основа на рејтинзите на партиите беше направена проценка за можна распределба на мандатите, пропорционално на процецетиот број на освоени гласови. Ова не одговара на Донтовиот модел за распределба на мандати кој се применува во Македонија и според кој се определува конечниот распоред на мандати, но заради споредба во табелата подолу е направена прво споредба на овој начин (теоретска пропорционална распределба), а дури потоа и со бројот на пратенички мандати утврдени од ДИК.

*Табела 6 - Споредба на проценетиот број пратенички мандати (* не според Донтовиот модел)*

| АГЕНЦИЈА | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | БЕСА | АЗА | ПИП | ВМРО (МК) | ЛЕВИЦА | ДР. | ПРОЦЕНТНО ОТС. | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **РЕЗУЛТАТИ*** | **47** | **45** | **9** | **3** | **6** | **4** | **1** | **3** | **1** | **1** | **(1-2)** | **(1-4)** | **(сите)** |
| **РЕЈТИНГ** | 45 | 43 | 10 | 4 | 5 | 4 | 0 | 5 | 2 | 2 | **2** | 1,5 | 1,2 |
| **М-ПРОСПЕКТ** | 45 | 38 | 13 | 6 | 5 | 4 | 2 | 5 | 2 | 0 | **4,5** | 4 | 2,2 |
| **БРИМА** | 54 | 34 | 13 | 6 | 7 | 5 | 0 | 1 | 0 | 0 | **5,5** | 4 | 4,2 |
| **Ф.П. АДРИА** | 44 | 37 | 10 | 7 | 2 | 0 | 10 | 2 | 0 | 8 | **9** | 6,25 | 3,2 |
| **П.ШАТЕВ** | 58 | 34 | 10 | 5 | 7 | 3 | 0 | 1 | 2 | 0 | **11** | 6,25 | 3,2 |
| **Д.ЧУПОВСКИ** | 57 | 30 | 11 | 4 | 8 | 4 | 0 | 3 | 3 | 0 | **12,5** | 12,5 | 3,4 |

* проценет број на мандати пропорционално на освоениот број гласови (а не според Донтовиот модел), заради споредливост со анкетите

Со оглед на пропорционалноста, важат истите коментари како и за претходната табела, односно дека агенцијата Рејтинг со голема прецизност го предвидела исходот, а следи М-проспект (каде неопределените од таа анкета главно се гласови прелеани од ДУИ и ДПА кон СДСМ).

Сепак, со оглед дека е тоа крајниот резултат на изборите, во продолжение е направена споредбата на прогнозите од агенциите со бројот на пратеници утврдени по Донтовиот модел, како што е веќе објавено од ДИК.

*Табела 7 - Постигнат и проценет број на пратенички мандати - (редоследот е од најмалото кон најголемото просечно отстапување според колоната (1-2), односно проценката за број на мандати на главните два конкуренти на изборите: ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ)*

| АГЕНЦИЈА | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | БЕСА | АЗА | ПИП | ВМРО (МК) | ЛЕВИЦА | ДР. | ПРОЦЕНТНО ОТС. | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ДИК** | **51** | **49** | **10** | **2** | **5** | **3** | **0** | **0** | **0** | **0** | **(1-2)** | **(1-4)** | **(сите)** |
| **РЕЈТИНГ** | 45 | 43 | 10 | 4 | 5 | 4 | 0 | 5 | 2 | 2 | **6** | 3,5 | 2,4 |
| **М-ПРОСПЕКТ** | 45 | 38 | 13 | 6 | 5 | 4 | 2 | 5 | 2 | 0 | **8,5** | 6 | 3,4 |
| **БРИМА** | 54 | 34 | 13 | 6 | 7 | 5 | 0 | 1 | 0 | 0 | **9** | 6,3 | 3 |
| **Ф.П. АДРИА** | 44 | 37 | 10 | 7 | 2 | 0 | 10 | 2 | 0 | 8 | **9,5** | 6 | 5 |
| **П.ШАТЕВ** | 58 | 34 | 10 | 5 | 7 | 3 | 0 | 1 | 2 | 0 | **11** | 6,3 | 3 |
| **Д.ЧУПОВСКИ** | 57 | 30 | 11 | 4 | 8 | 4 | 0 | 3 | 3 | 0 | **12,5** | 7 | 3,8 |

Во прилог 3 е дадена истава табела со отстапувањата од остварениот резултат.

Во Република Македонија во примена е Донтовиот метод за пресметка на освоените пратенички мандати. Најмалку 6 од мандатите, што според освоените гласови на национално ниво би им припаднале на помалите партии, се распределени на партиите кои добија пратенички мандати во Собранието, а заради поделеноста на гласовите во различни изборни единици тој број е и уште поголем (од гласовите на оние кои добиле мандат во една/две изборни единици, но не и во другите).

Со споредба на прогнозираните резултати и конечниот распоред на мандати во Собранието (според првичните официјални резултати од ДИК), најдобра проценка имале Рејтинг со просечно отстапување од 6 и М-проспект, со просечно отстапување од по 8,5 пратеника по партија (кај двете најголеми коалиции). Доколку се направи истата постапка на одредување средна вредност на отстапувањето, но предвид се земат сите 10 поединечни резултати на партиите за кои се објавувале податоци за рејтингот (прилог 3), тогаш просечното отстапување кај сите агенции е двојно помало.

Конечно, агенцијата М-проспект во анкетата направена за Телма и за МЦМС, имаше проценка и по изборни единици и отстапувањата по партија и изборна единица се дадени во табелата подолу.

*Табела 8 - Отстапувања на прогнозите за број на пратенички мандати по Изборни единици*

| **ПАРТИЈА** | **ОТСАПКИ ПО ИЗБОРНА ЕДИНИЦИ** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ИЕ 1 | ИЕ 2 | ИЕ 3 | ИЕ 4 | ИЕ 5 | ИЕ 6 | **ПРОС. ОТС.** |
| **ВМРО-ДПМНЕ** | 0 | -1 | 0 | 0 | 1 | -1 | **0,83** |
| **СДСМ** | -1 | -1 | -1 | -1 | -1 | -1 | **1,00** |
| **ДУИ** | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | **0,67** |
| **ДПА** | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | **0,33** |
| **ПИП** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0,00** |
| **ВМРО-МК** | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | **0,33** |
| **АЗА** | 0 | 0 | 0 | 0 | -1 | -1 | **0,33** |
| **ЛП** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0,00** |
| **ЛЕВИЦА** | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0,17** |
| **БЕСА** | -1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | **0,33** |
| **ПДП** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0,00** |
| **ПРОСЕЧНО ОТСТАПУВАЊЕ** | **0,55** | **0,36** | **0,18** | **0,18** | **0,36** | **0,55** | |

# ПРИЛОЗИ

## ПРИЛОГ 1: Првични официјални резултати, објавени од ДИК на 12 декември 2016 г

(редоследот е според бројот на освоени гласови)

| ПАРТИЈА | ГЛАСОВИ | % |
|---|---|---|
| **ВМРО-ДПМНЕ И ДР.** | 454.519 | 39,4 |
| **СДСМ И ДР.** | 436.823 | 37,9 |
| **ДУИ** | 86.848 | 7,5 |
| **БЕСА** | 57.933 | 5,0 |
| **АЛИЈАНСА ЗА АЛБАНЦИТЕ** | 35.145 | 3,0 |
| **ДПА** | 31.027 | 2,7 |
| **ВМРО ЗА МАКЕДОНИЈА** | 24.523 | 2,1 |
| **ЛЕВИЦА** | 12.120 | 1,1 |
| **КПП - ТРЕТ БЛОК** | 10.029 | 0,9 |
| **ЛП** | 3.840 | 0,3 |
| **ПДП** | 1.142 | 0,1 |
| **ВКУПНО** | **1.153.949** | **100** |

## ПРИЛОГ 2: Преглед на отстапувања на прогнозите на агенциите од резултатите во проценти

(редоследот е од најмалото кон најголемото просечно отстапување)

| | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | ПИП | АЗА | ВМРО (МК) | БЕСА | ЛЕВИЦА | ДР. | ПРОСЕЧНО ОТСТАПУВАЊЕ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ДИК** | **39,4** | **37,9** | **7,5** | **2,7** | **0,9** | **3,0** | **2,1** | **5,0** | **1,1** | **0,4** | |
| **РЕЈТИНГ** | -1,8 | -2,1 | 1,1 | 0,8 | -0,6 | 0,4 | 2,1 | -1,0 | 0,1 | 1,0 | **1,4** |
| **М-ПРОСПЕКТ** | -1,8 | -6,6 | 3,2 | 2,5 | 0,5 | 0,1 | 1,9 | -0,6 | 0,8 | 0,0 | **1,8** |
| **Д. ЧУПОВСКИ** | 7,7 | -12,8 | 2,0 | 1,0 | - | 0,0 | 0,4 | 1,5 | 1,5 | - | **3** |
| **П.ШАТЕВ** | 9,2 | -9,6 | 0,9 | 1,3 | - | -0,4 | -1,2 | 0,6 | 0,5 | - | **3,4** |
| **БРИМА** | 5,6 | -9,5 | 3,6 | 2,4 | - | 1,2 | -1,3 | 0,4 | - | - | **3,4** |
| **Ф.П. АДРИА** | -2,5 | -7,0 | 0,8 | 3,2 | 7,3 | - | -0,4 | -3,6 | - | 6,3 | **3,9** |

## ПРИЛОГ 3: Преглед на отстапувањата на прогнозите за број на пратеници

| АГЕНЦИЈА | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | ПИП | АЗА | ВМРО (МК) | БЕСА | ЛЕВИЦА | ДР. | ПРО. ОТС. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ДИК (ДОНТОВ)** | **51** | **49** | **10** | **2** | **0** | **3** | **0** | **5** | **0** | **0** | |
| **РЕЈТИНГ** | 45 | | 10 | 4 | 0 | 4 | 5 | 5 | 2 | 2 | **2,4** |
| **М-ПРОСПЕКТ** | 45 | 38 | 13 | 6 | 2 | 4 | 5 | 5 | 2 | 0 | **3,4** |
| **БРИМА** | 54 | 34 | 13 | 6 | 0 | 5 | 1 | 7 | 0 | 0 | **3** |
| **Ф.П. АДРИА** | 44 | 37 | 10 | 7 | 10 | 0 | 2 | 2 | 0 | 8 | **5** |
| **П. ШАТЕВ** | 58 | 34 | 10 | 5 | 0 | 3 | 1 | 7 | 2 | 0 | **3** |
| **Д. ЧУПОВСКИ** | 57 | 30 | 11 | 4 | 0 | 4 | 3 | 8 | 3 | 0 | **3,8** |

## ПРИЛОГ 4

### а) Симулација на мандати по изборни едници од ДИК врз основа на обработени податоци

| ПАРТИЈА | ИЗБОРНА ЕДИНИЦА | | | | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ИЕ 1** | **ИЕ 2** | **ИЕ 3** | **ИЕ 4** | **ИЕ 5** | **ИЕ 6** | |
| **ВМРО-ДПМНЕ** | 8 | 9 | 11 | 10 | 9 | 4 | **51** |
| **СДСМ** | 10 | 8 | 9 | 10 | 9 | 3 | **49** |
| **ДУИ** | 1 | 2 | | | 1 | 6 | **10** |
| **ДПА** | | | | | | 2 | **2** |
| **ПиП** | | | | | | | **0** |
| **ВМРО-МК** | | | | | | | **0** |
| **АзА** | | | | | 1 | 2 | **3** |
| **ЛП** | | | | | | | **0** |
| **Левица** | | | | | | | **0** |
| **Беса** | 1 | 1 | | | | 3 | **5** |
| **ПДП** | | | | | | | **0** |
| **Вкупно** | **20** | **20** | **20** | **20** | **20** | **20** | **120** |

**б) Симулација на мандати  по изборни единици врз основа на резултатите од анкетата на М-проспект**

| ЗА КОЈА ПАРТИЈА Е НАЈВЕРОЈАТНО ДА ГЛАСАТЕ? | ВО КОЈА ИЗБОРНА ЕДИНИЦА ГЛАСАТЕ? | | | | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ИЕ 1 | ИЕ 2 | ИЕ 3 | ИЕ 4 | ИЕ 5 | ИЕ 6 | |
| **ВМРО-ДПМНЕ** | 8 | 8 | 11 | 10 | 10 | 3 | **50** |
| **СДСМ** | 9 | 7 | 8 | 9 | 8 | 2 | **43** |
| **ДУИ** | 2 | 3 | | | 2 | 7 | **14** |
| **ДПА** | | 1 | | | | 3 | **4** |
| **ПиП** | | | | | | | **0** |
| **ВМРО-МК** | | | 1 | 1 | | | **2** |
| **АзА** | | | | | | 1 | **1** |
| **ЛП** | | | | | | | **0** |
| **Левица** | 1 | | | | | | **1** |
| **Беса** | | 1 | | | | 4 | **5** |
| **ПДП** | | | | | | | **0** |
| **Вкупно** | **20** | **20** | **20** | **20** | **20** | **20** | **120** |